# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“, КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ





**Јули,2024**

# И З В Е Ш Т А Ј

од самоевалуација на **ООУ „Рајко Жинзифов“, Кисела Вода, Скопје** за период 2022-2024 година

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Општинско основно училиште „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода - Скопје, Симбол на пријателството меѓу Кина и Северна Македонија |
| **Адреса, општина, место** | ул. „Иван Хаџиниколов“ бр.2, Кисела Вода, н. Драчево |
| **Основач на училиштето** | Собрание на општина Драчево- 01.07.1964 со решение број 01-3530/1 |
| **Телефон** | 02/ 2791-025 |
| **Директор на училиштето** | доц. д-р Горанчо Јакимов |
| **Веб-страница** | https://sites.google.com/site/rajkozinzifov/ |
| **Електронска пошта** | rajko_zinzifov@yahoo.com |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |

Врз основа на член 108 и член 129 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/19 година) Општинското основно училиште „Рајко Жинзифов“, Кисела Вода, Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на Директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 22.4.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. доц. д-р Горанчо Јакимов-директор
2. Весна Рафеска-педагог
3. Бранка Бранковиќ Стојковиќ-психолог
4. Адријана Кукоска-дефектолог
5. Магдалена Бадарова-предметен наставник
6. Анета Макревска-предметен наставник
7. Маја Атанасовска Спасеска-одделенски наставник
8. Виолета Николин-одделенски наставник
9. Марија Коцева Стојчески-родител

. За секое подрачје беа формирани тимови. Секој од тимовите изврши проверка на потребната документација, за секој индикатор одделно. Беа спроведени анкети со учениците (202 ученика), со наставниците (59 наставници) и со родителите (227 родители). Исто така беше направено интервју со Директорот на училиштето и стручните соработници. Се спроведе дискусија со фокус групи на ученици, наставници и родители. Сите податоци беа анализирани и врз основа на наи комисијата го изготви извештајот за Самоевалуација. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Ревидираните индикатори за квалитет на работа на училиштата изготвени од ДПИ и МЦГО.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот април-јуни 2024 година. За нејзино успешно спроведување, комисијата обезбеди активно учество на 85% од наставниот кадар, со што беа формирани четири тима за четирите клучни подрачја.

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 1<br>ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | **Координатор-Магдалена Бадарова**<br>- Мануела Маркоска<br>- Билјана Петровска<br>- Горица Станковска<br>- Вилма Влаховиќ<br>- Марија Илиева<br>- Александра Колевска<br>- Анета Ѓуровска<br>- Каролина Коларовска<br>- Билјана Илиева<br>- Александра Милчева<br>- Билјана Шоклевска<br>- Тина Пуфкова<br>- Габриела Таскова |
| **ПОДРАЧЈЕ 2<br>ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | **Координатор-Маја Атанасовска Спасеска**<br>- Виолета Павлеска<br>- Никола Соколовски<br>- Моника Цановска<br>- Маја Л. Тодоровска<br>- Марина Станоеска<br>- Татјана Трпевска<br>- Билјана Тодоровска<br>- Цветанка Ѓорѓиевска |

| | |
|---|---|
| | - Марија Петровска<br>- Александра Илијева Арсовска<br>- Маја Грнчиштанова |
| **ПОДРАЧЈЕ 3**<br>**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | **Координатор-Анета Макревска**<br>- Валентина Јанкоска<br>- Билјана Христовска<br>- Ивана Огњановска Илиевска<br>- Валентина Димишковска<br>- Елена Стојановска<br>- Татијана Георгиевски<br>- Кристина Никчевска<br>- Светлана Жежовска<br>- Елизабета Младеновска<br>- Кети Сталеска<br>- Ирена Ѓоршевска<br>- Билјана Наунова |
| **ПОДРАЧЈЕ 4**<br>**УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | **Координатор-Виолета Николин**<br>- Софија Лукровска<br>- Неделка М. Петрушевски<br>- Горан Петковиќ<br>- Љуба Мишевска<br>- Весна Милановска<br>- Наташа Петковска<br>- Ленче Танушевска |

**Координатори на тимовите:**

- Директор-доц. д-р Горанчо Јакимов
- Педагог-Весна Рафеска
- Психолог-Бранка Б. Стојковиќ
- Дефектолог-Адријана Кукоска
- Магдалена Бадарова (подрачје 1)
- Маја А. Спасеска (подрачје 2)
- Анета Макреска (подрачје 3)
- Виолета Николин (подрачје 4)

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, дискусии со фокус групи, извршија увид во потребната документација и изворите врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни, даде предлог за приоритети, врз основа на кои ќе се темели изготвувањето на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седница на Наставничкиот совет одржана на 18.6.2024 година одговорниот наставник ги образложи резултатите од сите подрачја, силните и слабите страни на секое подрачје, како и предложените приоритети.

**Цели на самоевалуацијата се:**

- Да обезбеди увид во објективната состојба и постојаното унапредување на училиштето, низ перспективата на наставниците, учениците и родителите;
- Да се поттикне самоевалуација кај учениците како и кај наставниците и сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес;
- Овозможување на правилен начин да се согледаат и развијат оние способности кои му помагаат на поединецот или групата при планирањето на сопствените активности, што морам да сторам за својот успех.
- На локалната заедница, директорот и училишниот одбор им овозможува да ја проверат својата ефикасност за обезбедување на оптимални услови за развој на секој ученик, наставник;
- Постојан процес на анализа, корекција и планирање на настаниот процес или постојана рефлексија на сопствената работа;
- Подигање на нивото на самостојност и одговорност за сопствениот развој;
- Подигнување на нивото на компетенции и стручност на вработените;
- На локалната заедница и пошироко да и се претставиме со сите наши квалитети во работењето но и да преземеме одговорност за она што треба да се промени.
- Детектирање на слабите страни со кои се соочува училиштето и поставување на приоритетни цели за нивно надминување

# Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1.1 Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари |

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Секоја учебна година наставниците редовно изготвуваат годишни, глобални и тематски планирања, како за задолжителните предмети, така и за изборните предмети, за додатната и дополнителната настава согласно законските норми. На почетокот на учебната година годината, се врши увид во глобалните и тематските планирања по наставните предмети. Исто така, се прави и увид во дневните подготовки на наставниците во текот на учебната година при посета на часови. Во текот на една учебна година се врши посета на час на наставниците по двапати во едно полугодие. При посетата на часот се прави увид во планирањата на наставниците, нивната усогласеност со наставниот план и програма, реалиазција на часот, примена на современи техники и методи и др. Сите опсервации се забележуваат во формулар и на тој начин наставниците добиваат увид во успешноста на часот. Поголемиот број на наставници планирањата ги изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети со поддршка на стручната служба и директорот. Најмалку двапати во текот на една учебна година директорот и педагогот прават проверка на дневните и тематските планирања на наставниците. Поддршката за подобрување се дава преку менторство на наставниците-приправници, директорот, стручната служба, како и преку организирање на обуки. Овој процес во наставата има многу позитивни ефекти бидејќи на секој наставник му се укажува за недостатоците (доколку ги има), а пак тоа придонесува за подобрување на истите.

Професионалниот развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата се врши преку учество на наставниците на обуки организирани преку БРО, општината и други акредитирани обучувачи, како и интерни обуки организирани од страна на училиштето. Во училиштето се врши дисеминација од обуките на останатите наставници и стручни соработници на ниво на стручни активи.

Наставата по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник наставта се одвива непречено со соодветен наставен кадар или со промена на распоредот на часови. Секогаш кога постои отсутен наставник во одделенска настава, се прави замена со друг соодветен наставник или стручната служба. Доколку има отсутен наставник во предметна настава тогаш одговорниот наставник за распоред на часови прави промена во распоредот со цел наставата да тече непречено.

Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Процесот на понудување на слободни изборни активности го вршат предметните и одделенските наставници во соработка со педагогот и психологот имајќи ги во предвид интересите на учениците, а изборот го вршат учениците . Учениците имаат можност да изберат и посетуваат слободен изборен предмет согласно нивните интереси.

Наставата се реализира во училници и кабинети со исполнетост на сите стандарди за простор и опременост. Сите училници и кабинети се опремени со Андроид телевизор, компјутер или Смарт табла. Најголем број од наставните часови се одвиваат со примена на ИКТ во наставата, голем број наставници применуваат современи методи и техники, различни форми на работа кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување. Континуираното осовременување на условите за работа во училиштето (компјутер во секоја училиница, ТВ и/или смарт табла) допринесе за подобрување на реализација на наставната програма, квалитетот на наставата и знаењето на учениците.
Поголемиот број  наставници, задачите и активностите ги приспособуваат согласно индивидуалните образовни потреби на учениците. Тоа го прават преку користење на разни приоди во наставата, користејќи ги сите расположиви ресурси, како на пример интернет алатки, дополнителна литература итн.

Во училиштето е воспоставена добра интеракција на учениците меѓу себе и

наставниците. Учениците се запознаени со целите на наставата и очекуваните исходи. Наставниците вршат прилагодување на програмските активности соодветно на можностите на учениците со посебни образовни потреби. Во таа насока се дефинираат целите кои може да ги постигнат учениците, како и формите и методите кои се соодветни на нивните можности.

Во училиштето има инклузивен тим за секој ученик со ПОП во кој се вклучени наставниците кои му предаваат на ученикот, стручните соработници, доколку има и асистенти- образовен или личен и родителот кој е информиран, вклучен во изработката и реализацијата ИОП. Во училиштето има процедура за изработка и следење на ИОП.
За сите ученици со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава и имаат соодветен МКФ документ се изработува индивудуален образовен план, модифицирана програма или диференцијација во наставата

Дополнителната и додатната настава во училиштето е организирана согласно распоредот на часови. Секој наставник е должен да реализира најмалку по еден час за дополнителна и додатна настава во текот на една седмица. На почетокот на секој месец распоредот за додатна и дополнителна настава се објавува на огласна табла на училиштето и на веб-страната на училиштето.

Училиштето склучува партнерство со училиште со друг наставен јазик со цел заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта. Училиштето низ планираните активности ги вклучува подеднакво сите ученици, со цел задоволување на нивните потреби, почитувајќи ги индивидуалните разлики.ТУИ е формиран на почетокот на учебната година и го сочинуваат директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

Наставниците во училиштето го користат етничкиот кодекс за оценување на постигањата на учениците. Описното и бројчаното оценување се изведуваат по пат на формативно и сумативно оценување. Наставниците редовно ги оценуваат учениците и ги бележат нивните постигања, при што користат повеќе методи, техники и инструменти за оценување како што се тестови, контролни прашања, писмени работи, извештаи, портфолија, чек листи, бодовни листи. Формите и методите на оценување се развиваат и

унапредуваат преку обуки кои ги посетуваат наставниците, преку размена на искуства на стручни активи. Најголем број од наставниците применуваат формативно оценување Наставниците го запознаваат родителите и учениците со критериумите за оценување на родителски средби, индивидуални средби. Исто така критериумите за оценување се истакнати во секој кабинет на наставникот. Добиените повратни информации од следењето на оценување на учениците се користат за подобрување на оценувањето. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето планира и реализира разновидни вonнаставни активности во согласност со интересите и потребите на учениците од I до IX одд. Поголем број од учениците се вклучени во воннаставните активности согласно нивните афинитети и способности. Во планирањето се вклучуваат учениците од шесто до деветто одделение. Учениците од одделенска настава се вклучуваат само во реализацијата на воннаставните активности.

Голем број ученици учествуваат во натпревари (општински, регионални, државни). Учениците кои ќе учествуваат во натпревари се определуваат со организација на училишен натпревар, и оние кои ќе постигнат највисоки резултати на истиот продолжуваат понатаму.

**Силни страни**

- Во училиштето има пропишани и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници;
- Голем број од учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Континуираното осовременување на условите за работа во училиштето (компјутер во секоја училиница, ТВ и/или смарт табла) допринесе за подобрување на реализација на наставната програма, квалитетот на наставата и знаењето на учениците;
- При реализација на наставата се користат различни ресурси за учење;
- Учениците учествуваат на голем број натпревари и постигнуваат одлични резултати;

- ❑ Училиштето развива систем и организира заеднички активности со ученици од мешан состав во рамките на училиштето или со партнерско училиште на друг наставен јазик;
- ❑ Во училиштето се применува диференциран пристап во наставата при што системски се идентификуваат образовните потреби на учениците и се превземаат активности за задоволување на истите;
- ❑ Учениците имаат можност да го развиваат критичкото мислење, слобода на изразување , поставување прашања и изведување заклучоци;
- ❑ При формативно и сумативно оценување се користат разни методи и форми, при што и формативното и сумативното оценување се јавни и транспарентни за учениците и родителите.

**Слаби страни:**

- ❑ Нецелосна реализација на планираните слободни ученички активности
- ❑ Мал број ученици се вклучени во реализација на слободните ученички активности

**Приоритети:**

- ❑ Подобар квалитет и зголемување на мотивацијата на учениците за вклучување во слободни ученички активности
- ❑ Подобрување на квалитетот на слободните ученички активности и продлабочување на соработката на родителите со училиштето во реализација на програмата за слободни ученички активности
- ❑ Реализирање на слободните ученички активности и вклучување на поголем број ученици во нив.

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 2.1 Постигнувања на учениците<br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме:**

Училиштето има изготвено пишана процедура за оценување на знаењата на учениците, како и Етички кодекс за оценување на постигнувањата на учениците.

Во училиштето се врши континуирано следење и анализирање на оценувањето на постигнувањата на учениците, со цел да се постигне поголема објективност во оценувањето и помало отстапување на ниво на училиште. Оценување се врши трансапрентно и се зема во обзир и мислењето на ученикот и другите соученици.

Училиштето има изготвено пишана процедура за идентификување на ученици со посебни образовни потреби, како и пишана процедура за идентификување на ученици кои манифестираат потенцијална надареност.За наведените ученици има изготвено и програма за работа. Според спроведените анкети во училиштето, наставниците во поголем број се изјасниле дека успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици.

Постои постапка за известување на родителите за постигањата на учениците. Според оваа постапка, по одржување на одделенски совети и Наставнички совети на крајот на првото тримесечје, на крајот на првото полугодие, на крајот на второто тримесечје и на крајот на учебната година, се организираат родителски средби во кои родителите се известуваат за успехот на ученикот.

Родителите/старателите се навреме и преку разни форми известувани за постигнувањата на своите деца, дека училиштето е секогаш отворено за соработка,

воспитно-образовниот кадар е секогаш достапен за родителите и дека процесот на информирање секогаш е проследен и со совети како да се подобрат постигнувањата на секој ученик.

Нашето училиште учествува како едно од 120те училишта од РСМ во примерокот во државно тестирање за ученици од петто одделение за мајчин јазик (Македонски јазик) и математика изминативе две учебни години. Основна цел на тестирањето е проверка на остварувањето на постигањата во текот на основното образование. Тестирањето се спроведува преку Државен испитен центар на Република Северна Македонија.

Редовноста на учениците во наставата континуирано се следи, а училиштето ги анализира причините за отсуство на учениците и презема соодветни мерки со цел да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.

Советувањата на родители и ученици се спроведуваат групно (квартално на крајот на секое тримесечје) и индивидуално по потреба. Советувањата се реализираат врз основа на три причини: нередовно посетување на настава, намален успех на ученици и несоодветно однесување (непочитување на Кодексот на однесување за ученици во училиштето).

Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.

**Силни страни:**

- Училиштето има изготвено пишана процедура за оценување на знаењата на учениците, како и Етички кодекс за оценување на постигнувањата на учениците;
- Училиштето има изградено политика за запишување на ученици-првачиња, вклучувајќи и деца со посебни образовни потреби;
- Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците и ја почитува законската постапка за премин од едно училиште во друго;
- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според пол, етничка припадност за сите квалификациони периоди, како и преминот од описно во бројчано оценување;
- Успехот и постигнувањата на учениците, училиштето континуирано ги следи, се прават

анализи и споредби и се преземаат активности за подобрување на постигнувањата;

- За учениците кои се од семејства со ниско социјално-културно и економско ниво училиштето нуди поддршка со цел подобрување на успехот и редовноста во училиште;
- Во училиштето постои ефективна соработка помеѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците;
- Родителите постојано добиваат совети за подобрување на успехот и поведението на учениците;
- Стручната служба спроведува голем број советувања на родители и ученици (квартално на крајот на секое тримесечје) по три основи нередовно посетување на настава, намален успех на ученици и несоодветно однесување;
- Училиштето води евиденција и прибира податоци за отсуствата на учениците кои времено заминуваат во странство со своето семејство.

**Слаби страни:**

- Присутен е голем број на неоправдани изостаноци кај учениците во одделенска и предметна настава заради времено иселување на семејствата од државата

**Приоритети:**

- Доследна примена на Куќниот ред, Кодексот на однесување и Правилникот за видовите пофалби, награди и педагошки мерки;
- Намалување на бројот на неоправдани изостаноци и постигнување на повисоко ниво на редовност.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 3.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
|---|
| **Опис/резиме:**<br>Училиштето е препознатливо во локалната средина по многу работи. Во учебната 2023/2024 година училиштето доби ознака за еТвининг училиште. Изминатите учебни години училиштето има добиено Европски ознаки за квалитет за работа за еТвининг проекти. Оваа учебна година отпочната е и изградба за инклузивна училница на отворено. Училиштето е целосно дигитализирано со ИТ опрема. Во секоја училница има ТВ и компјутер, во неколку училници има смарт табли. Исто така е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира меѓуетничка толеранција, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Во училиштето се реализираат многу проекти.<br>Училиштето на различни начини ги пофалува учениците со особени постигања преку доделување награди, признанија, прогласување на ученик на генерација и сл. На крајот на секоја учебна година се прави промоција на учениците со континуиран одличен успех во нивното деветгодишно образование каде се прогласува ученикот на генерација и се доделуваат награди.<br>Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со |

учество на најголем дел од наставнциите, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Во изработката на кодексот учествуваа најголем број од наставниците во училиштето и родители. Кодексот на однесување на учениците, наставниот кадар и родителите редовно се ажурира и се презентира на учениците на одделенските часови, како и на родителите на родителските состаноци.

Училиштето има веб страна која континуирано се надоградува https://sites.google.com/site/rajkozinzifov/, You Tube канал https://sites.google.com/site/rajkozinzifov/youtube, на кој можат да се погледаат видеа од најразлични приредби, како и училишен весник https://rajkozinzifov-novinarskasekcija.blogspot.com/ во кој постојано се објавуваат сите новости од активности поврзани со наставата.

Во училиштето владее позитивна и поттикнувачка атмосфера за работа. Соработката помеѓу кадарот е на задаволително ниво. Се соработува на ниво на стручни активи, се разменуваат искуства по одделенија и наставни предмети околу работи поврзани со воспитно-образовниот процес.

Училиштето е инклузивно и се грижи за здравјето, добросостојбата и емоционалната состојба на сите ученици. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење. Наставниците со поддршка од директорот и стручната служба ги поттикнуваат и мотивираат учениците за да се вклучуваат во натпревари, воннаставни активности, општествено-корисна работа и сл.

Работната дисциплина за време на и надвор од часовите е на задоволително ниво. Во училиштето постои работна атмосфера.

Наставниот кадар води грижа за безбедноста на учениците (поставеност на видео надзор), дежурство на наставници. Училиштето превзема одредени мерки за подобрување на дисциплината во училиштето со активно учество на сите субјекти. Во таа насока, училиштето спроведува континуирани дежурства од страна на сите наставници.

Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Ученичкиот парламент

функционира најпрво со бирање на претседател и заменик на Училишниот парламент кое е тајно и демократски, преку отворен повик за номинирање за избор на претседателство. Право на номинација имаа сите ученици од осмо и деветo одделение. Учениците кои сметаат дека ги исполнуввaт критериумите пополнуваат Формулар за кандидатура за претседател на Ученички парламент. Гласањето се спроведува тајно. Се врши и избор на ученици за претставници во Училишниот одбор, кој исто така се спроведува по пат на тајно гласање. Членовите од Училишниот парламент кои се избрани како претставници за учество на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители редовно присуствуваат на истите.

Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Во нашето училиште се спроведува и проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ (Родителот е наставник) чија основна цел е зајакнување на врската „родител-ученик-наставник“ преку која се овозможува јакнење на воспитната компонента во воспитно-образовниот процес во основното образование. Родителите исто така се вклучени и во хуманитарни акции кои ги спроведува училиштето.

Училиштето ги идентификува и се труди да обезбеди материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.

Училиштето успешно соработува со Градоначалникот на ОКВ, Совет на ОКВ, Секторот за образование при ОКВ, Сектор за економски развој при ОКВ, Полициска станица Драчево при ОКВ, Против пожарен Сојуз при ОКВ, Поликлиника Драчево. Целта на оваа соработка е да се стави во педагошка функција се што локалната средина може да понуди за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето. Во рамките на ова подрачје училиштето организира и реализира посебни програми за одбележување на значајни датуми, јубилеи и учество на културни манифестации. Оваа учебна година благодарение на општина Кисела Вода подрачното училиште во населба Пинтија ќе добие затворена спортска сала која обезбедува современи услови за спортување на нашите ученици. Општината оваа учебна година

обезбеди бесплатни униформи за секој ученик. Исто така и оваа учебна година општината обезбеди ранец и потребен училишен прибор за секое прваче.
Во училиштето се реализираат голем број работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога во рамките на Образование за животни вештини (одделенски час), работилници од страна на педагогот и психологот на училиштето.

Во училиштето се организира исхрана за потребите на учениците кои се во продолжен престој.

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво.

Учениците во зависност од нивните потреби, често се обраќаат до стручните соработници психолог и педагог, барајќи помош во справување со нивните емоции. Но, потребно е да се земе предвид дека секогаш постојат ученици кои не се чувствуваат сигурно и/или се срамат самоиницијативно да побараат помош. Од таа причина стручните соработници училишниот психолог и педагог редовно реализираат работилници на различни теми (препознавање и управување со емоции, грижа за ментално здравје, разрешување на конфликти, предрасуди и стереотипи, толеранција и сл.), како и други активности (нпр. дискусии, интерактивни вежби) за социо-емоционално учење, сè со цел да им се помогне на учениците да ги идентификуваат и разбираат нивните чувства, да ги изразуваат и регулираат своите емоции, да сочувствуваат и асертивно да комуницираат со другите.

Процесот на професионална ориентација во нашето училиште се спроведува согласно Програмата за професионална ориентација во текот на учебната година и трае скоро цела учебна година. Во овој процес опфатени се учениците од деветo и осмо одделение. Во процесот на професионална ориентација вклучени се училишниот психолог и педагог, раководители на пралелките од девето одделение, а по потреба се вклучуваат и предметни наставници, како и специјалален едукатор и рехабилитатор.

**Силни страни:**

- Училиштето има веб страна, училишен весник (печатен и електронски) и YouTube канал со што обезбедува информациите на сите аспекти од работата да бидат достапни за родителите и учениците;
- Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниот кадар и родителите кој редовно се ажурира;
- Во училиштето владее позитивна и поттикнувачка атмосфера за работа;
- Соработка со локалната средина е отворена и постојана;
- Училиштето е инклузивно и се грижи за здравјето, добросостојбата и емоционалната состојба на сите ученици;
- Стручните соработници во училиштето вршат професионална ориентација на учениците од девето одделение;
- Во училиштето постои добра интеракција помеѓу наставниците и учениците меѓусебно;
- Има организирана исхрана за учениците кои посетуваат продолжен престој;
- Училиштето го промовира принципот на демократско учество на учениците и тие се вклучени во донесувањето одлуки за прашања кои се во нивни интерес преку училишниот парламент;
- Вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата;
- Наставниците, стручната служба и директорот ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата при насилство применувајќи ги сите протоколи за превенција на насилство и постапување во случај на насилство;
- Училиштето се грижи за менталното здравје на учениците;
- Хигиената во училиштето е на задоволително ниво

**Слаби страни:**

- Недоволен број на иницијативи од страна на Ученичкиот парламент за граѓански активизам и акции од општествено-хуманитарен карактер
- Санитарните јазли во подрачното училиште се недоволно опремени

**Приоритети:**

- Зајакнување на демократската клима и соработка со учениците, како и подигнување на свеста за граѓански активизам и општествено-хуманитарни акции.
- Обезбедување на чисти, хигиенски и функционални санитарни јазли.

## Подрачје 4: Управување и раководење

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, односно по сите наставни предмети, како и стручни соработници и сите се со соодветно образование.

Стручните соработници од училиштето: педагог, психолог, дефектолог и бибилиотекар, работат според своите програми и се целосно вклучени во воспитно образовниот процес, даваат подршка на наставниците, учениците и родителите.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја, кои постојано се надополнуваат со следените интерни и екстерни обуки, како и планирање на компентенциите кои им се потребни во иднина.

Соработката и комуникацијата меѓу директорот и вработените во училиштето е на високо и професионално ниво.

Раководниот орган обезбедува услови за непречена реализација на воспитно-образовниот процес, исто така училиштето го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонваставните активности.

Советот на родители ги информираат родителите за резултатите кои треба да се постигнат во следиот период.

Училишниот одбор работи согласно Деловникот за работа и транспарентно ги информира сите субјекти вклучени во воспитно–образовниот процес за донесените одлуки. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Исто така на состаноците право на присуство имаат двајца претставници од ученичкиот парламент на училиштето без право на глас. Соработката помеѓу Директорот на училиштето и Училишниот одбор е на највисоко ниво. Училишниот одбор секогаш навреме е известен за сите случувања и со целокупното работење на самото училиште. Редовно се одржуваат состаноци.

Процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето се одвива преку воспоставување партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Исто така дава поддршка на наставниците за вклучување во меѓународни проекти.

Наставниците кои дополнително се ангажираат и постигнуваат резултати со учениците јавно се пофалени на Наставнички совет. Наставниците секогаш се поддржани од страна на училиштето за кариерно напредување и дополнително ангажирање.

Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

**Силни страни:**

- Училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно нормативите за наставен кадар;

- ❑ Училиштето има тим од стручни соработници: педаогог, психолог, дефектолог и бибилиотекар;
- ❑ Училиштето  изготвува програма за професионален развој при што ги зема предвид основните професионални компетенции за наставници и ги поттикнува наставниците стручно да се усовршуваат;
- ❑ Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја;
- ❑ Директорот одржува добри односи, соработка и комуникација со вработените во училиштето;
- ❑ Раководниот орган обезбедува услови за непречена реализација на воспитно-образовниот процес;
- ❑ Училиштето го обезбедува потребниот материјал за непречена реализација на наставата и воннаставните активности;
- ❑ Повеќето претставници од советот на родители ги информираат родителите за резултатите кои треба да се постигнат во следиот период;
- ❑ Училишниот одбор работи согласно Деловникот за работа и транспарентно ги информира сите субјекти вклучени во воспитно–образовниот процес за донесените одлуки.

**Слаби страни:**

- ❑ Училиштето има потреба од опремување на сензорната соба и  доопремување на инклузивната училница на отворено со опрема за поквалитена инклузивна средина.

**Приоритети:**

- ❑ Обезбедување на  позитивна и стимулативна средина за сите ученици со посебни образовни потреби, поттикнувајќи ги да го достигнат својот целосен потенцијал.
- ❑ Обезбедување на адаптивна опрема и технологија во сензорната соба и инклузивната училница на отворено која ќе им помогне на учениците со посебни образовни потреби полесно да ги совладаат целите во наставата.

**Комисија за спроведување на самоевалуација:**

1. доц. д-р Горанчо Јакимов-директор ________________
2. Весна Рафеска-педагог ________________
3. Бранка Бранковиќ Стојковиќ-психолог ________________
4. Адријана Кукоска-дефектолог ________________
5. Магдалена Бадарова-предметен наставник ________________
6. Анета Макревска-предметен наставник ________________
7. Маја Атанасовска Спасеска-одделенски наставник ________________
8. Виолета Николин-одделенски наставник ________________
9. Марија Коцева Стојчески-родител ________________

Дата: директор:

Јули, 2024 ________________________

доц. д-р Горанчо Јакимов

М.П.